Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжение на 51-та седница, одржано на ден 01 септември 2021 година, донесе

## Одлука

Постапката по предметот 09-1792/1 од 07.03. 2019 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-1792/1 од 07.03. 2019 година, бидејќи наводите од пријавата дека постои состојба на судир на интереси при спроведување на постапка за вработување ЈП Национални шуми, не се потврдени.

Предметот со број 09-1792/1 од 07.03. 2019 година, да се затвори и да се архивира.

### Образложение

Предметот со број 09-1792/1 од 07.03. 2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата. Подносителот наведува дека постои повреда на член 17 став 1 точка 3,4,9, 17 и член 56, без да се наведе од кој закон се овие одредби, од страна на позиција помошник директор. Се наведува дека лицето -------------- –помошник директор на сектор ------------- ги вработила својата сестра ------------ во ЈП Национални шуми, подружница -------------, зетот ----------во ЈП Национални шуми, подружница ---------------.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до ЈП Национални шуми Скопје, и врз основа на добиените податоци утврди дека лицето ---------- е вработена во 1991 година во тогашно ЈП Македонски шуми, додека лицето ---------- е вработен во 1998 година.

Врз основа на вака констатирана состојба Државната комисија не утврди наводи кои упатуваат на непристрасно вршење на јавни овластувања и должности на лицето -------------- –помошник директор на сектор ------------------, за остварување на приватен интерес.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

По заклучок на ДКСК
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: К.Н – член на ДКСК